


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

**СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ**

СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИТИЧКИ ПРИСТАП КОН РОДОТ И СЕКСУАЛНОСТА

# СОДРЖИНА

До нашите конституенти 3
Годишно собрание 4
Проекти 5

Излегување од невработеноста (11.2018 - 08.2019) 5
Пристап до правда за ЛГБТИ лица во Западен Балкан (12.2018 - 11.2021) 5
Кон унапреден одговор на екстерните предизвици преку зајакната организациска структура (07.2018 - 06.2019) 6
Кон отворен пристап за ЛБТ жени во спортските игри (06.2018 - 05.2019) 7
Политичко учество на ЛГБТИ во Западен Балкан (03.2017 - 03.2018) 8
Градење толеранција и разбирање за ЛГБТИ луѓето во македонското општество 9
Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе 10
Цивика Мобилитас (04.2016 - 04.2018) 10
Аутирај се (08.2018 - 12.2018) 11

Дополнителни активности 13

Работилници за ментално здравје по повод IDAHOBIT Day 13
Јавна дискусија “Како до интегриран пристап до услуги на здравствена и социјална заштита за ЛГБТИ луѓе“ 13
Денови на психологија 14

Развој и зајакнување на капацитети 15
С-фронт во медиумскиот простор 17
Публикации 18

Прирачник за социјална работа со ЛГБТИ луѓе во Република Македонија 18
Политичкото учество на ЛГБТИ луѓето во Западен Балкан 18

Финансиски извештај 19
Контакт информации 21

Мапа 21

# ДО НАШИТЕ КОНСТИТУЕНТИ

Осврнувајќи се на изминатата година, посебно на сите предизвици и научени лекции од внатрешното и надворешното опкружување, можам гордо да констатирам дека влеговме во фазата на адолесценција од животниот циклус на Субверзивен фронт. Имајќи предвид дека бевме основани во 2013 година од неколкумина индивидуи со јасна и цврста идеја да придонесеме кон активизмот за правата и еднаквоста на ЛГБТИ луѓето, а денеска може да се гордееме од воспоставената функционална мрежа на конституенти: граѓански организации, државни институции, членови на ЛГБТИ заедницата, медиуми, партнери и соработници, ми претставува посебна чест и задоволство да ги споделам клучните остварувања на Субверзивен фронт за 2018 година.

- Успеавме да изградиме солидни капацитети за спроведување на сеопфатни истражувања поврзани со проблемите и потребите на сексуалните и родовите малцинства во домашни и регионални рамки, посебно во делот на усвојување стандарди за спроведување на истражувања кои адресираат сензитивни теми на ранливи општествени групи;
- Ги зајакнавме сопствените капацитети за поддршка на активности иницирани и водени од заедницата на сексуални и родови малцинства кои водат кон омоќување на истите и зголемување на нивното вклучување во движењето за еднакви ЛГБТИ права;
- Го зголемивме влијанието врз креирањето и усвојувањето на јавните политики кои ги засегаат сексуалните и родовите малцинства преку учество во работните групи за изработка на Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за родово-базирано насилство, како и со вклучувањето и активното учество во Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област;
- Имаме подобрени мисија, визија и цели на организацијата и воспоставена организациска структура која соодветствува на потребите и одговара на барањата од надворешното и внатрешното опкружување;
- Зајакнат дијалог со партнерите од останатите граѓански организации кои се занимаваат со сексуалните и родовите малцинства, како и со донаторите и поддржувачите на нашите организациски цели, мисија и визија.

Горенаведените резултати успеваме да ги оствариме применувајќи критички пристап и оценка на нашите идеи и активности, како и на идеите и активностите на нашите соработници, партнери и соговорници од граѓанскиот, државниот, јавниот и меѓународниот сектор. Оттука, би сакал да им изразам голема благодарност на сите за нивната континуирана поддршка низ изминатите години, а посебна благодарност и почит им укажувам на тимот посветени луѓе од Извршната канцеларија и Управниот одбор на Субверзивен фронт за несебично вложените труд и ентузијазам, како и за нивните идеи и енергија кои инспирираат и охрабруваат.

Антонио Михајлов
Претседател на Управен одбор
Скопје, 15 март 2019

# ГОДИШНО СОБРАНИЕ

### Петто Годишно Собрание на С-Фронт, 26.03.2018

На Петтото Годишно Собрание на С-Фронт, одржано на 26-ти март 2018 година, беа донесени следните одлуки:

- Промена на структурата на организацијата со внесување на Управен одбор и Извршен/на директор/ка, а укинување на Извршниот одбор и Претседателот.
- Избор на следните членови на Управниот одбор, со мандат од три (3) години: Антонио Михајлов, Даниел Митковски и Кристефер Стојановски.
- Избор на Ангелина Иванова како нова Извршна директорка, со мандат од три (3) години.
- Промена на седиштето на организацијата од улица Македонија 11/2-10 на бул. Кузман Јосифовски Питу 19/5-28, 1000 Скопје.
- Зачленување во следните три (3) мрежи: НМХТ (Национална мрежа за борва против хомофобија и трансфобија), НМСМ (Национален младински совет на Македонија) и Национална кампања против говор на омраза.
- Усвојување на годишниот наративен и финансиски извештај за 2017 година.
- Утврдување и исклучување на членови на С-Фронт.
- Усвоени измени и дополнувања во Статутот на С-Фронт.

# ПРОЕКТИ

## Излегување од невработеноста (11.2018 – 08.2019)

Еразмус+ проектот "Излегување од невработеноста" е поврзан со подигнување на капацитетот на младинските работници со цел да стекнат знаења и вештини, а исто така и да се зголеми нивната професионална компетентност во работењето на економското зајакнување на ЛГБТ популацијата преку развојот на социјалното претприемништво.
Учесниците на проектот се шест организации од Србија, Македонија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Шпанија, кои сакаат да ги споделат своите искуства и да ја подобрат економската положба на ЛГБТ лицата и на тој начин да обезбедат борба за нивните човекови права и одржливост на ЛГБТ невладините организации на долг рок. Членовите на овие организации преку активна работа ќе стекнат знаења и вештини за практична работа и понатамошно пренесување на знаења од областа на развојот на социјалното претприемништво, зголемување на капацитетот и зајакнување на младите ЛГБТ лица да станат претприемачи.
Еден од резултатите на проектот ќе биде "Прирачникот за развој на социјалното претприемништво", кој ќе обезбеди насоки за идните обучувачи и ќе им помогне да ги реализираат своите обуки, со што ќе се постигнат среднорочните и долгорочните цели на овој проект.

***Во склоп на овој проект:***

- Се одржа состанок во Загреб од 16-19 ноември на кој присуствуваа сите партнери, а се правеше план за имплементација на проектот. Следните активностите за овој проект ќе бидат: студиска посета во Мадрид организирана од Колегас, тренинг за социјално претприемништво во Шабац организиран од страна на Асоцијација Дуга, работен состанок во Охрид организиран од Субверзивен фронт и завршна конференција во Белград организирана од Асоцијација Дуга.



## Пристап до правда за ЛГБТИ лица во Западен Балкан (12.2018 – 11.2021)

Предложениот проект има за цел да одговори на долунаведените прашања и потреби со имплементирање на следните активности:

- Развивање и зајакнување на капацитетите на државните службеници од сите 15 министерства, повеќето државни агенции и бироа, како и поголемите општини за справување со дискриминација, говор на омраза како и за сензибилизација во работењето со сексуалните и родовите малцинства,
- Развивање и зајакнување на капацитетите на вработените во јавниот сектор (здравствени работници, полициски службеници, судии, обвинители, адвокати, социјални работници, вработени во агенциите за вработување итн.) за за справување со дискриминација, говор на омраза како и за сензибилизација во работата со сексуалните и родовите малцинства,

- Развој на капацитети за спроведување, организирање и оценување на програми за обука за справување со дискриминација, говор на омраза како и за сензибилизација во работењето со сексуалните и родовите малцинства на државните службеници и вработените во јавниот сектор,
- Развој на интерес, ентузијазам и посветеност меѓу државните службеници кои ќе ги водат кон преземање дејства во креирањето, усвојувањето и спроведувањето на Националната стратегија за сексуални и родови малцинства и Националниот акционен план за сексуални и родови малцинства,
- Обезбедување услуги за директна поддршка на најмалку 100 лица од сексуалните и родови малцинства преку ангажирање на заедницата, вклученост и интеракција,
- Бесплатна психосоцијална поддршка и советување со цел да се намалат негативните психосоцијални резултати на сексуалните и родови малцинства,
- Зголемување на свеста за правата на сексуалните и родови малцинства преку алатки и активности за подигнување на свесноста,
- Бесплатна правна помош и советување со цел да се одговори на повредите на човековите права на сексуалните и родови малцинства.

Донатор на проектот е норвешкото Министерство за надворешни работи, а грантот е раководен од норвешкиот Хелсиншки комитет.
Период на имплементација: 12/2018 до 11/2021

***Во склоп на овој проект:***

- Во склоп на овој проект во 2019 год. ќе се одржат 20 основни обуки за справување со дискриминација, говор на омраза како и за сензибилизација во работењето со сексуалните и родовите малцинства за претставници од сите министерства, повеќето државни агенции и бироа, како и поголемите општини.
- Во текот на 2019 исто така ќе биде овозможена правна помош и психосоцијална поддршка и советување.

## Кон унапреден одговор на екстерните предизвици преку зајакната организациска структура (07.2018 – 06.2019)

Општата цел е да се придонесе кон унапредување на организацискиот одговор кон предизвиците од надворешното опкружување. Специфичната цел е да се зајакнат интерните организациски капацитети за унапредено справување со предизвиците од надворешното опкружување. Ова подразбира унапредување на интерните документи и процедури преку изработка на правилници и ревизија на постоечките документи за да се зајакнат организациските капацитети за соодветен одговор на предизвиците и потребите од надворешното опкружување, поточно унапредување на работата со клучните конституенти - ЛГБТИ луѓето, ЛГБТИ организациите, донаторите, медиумите и државните институции.
Резултати:

**Р.1. Унапредено финансиско работење на организацијата**

Ова подразбира зајакнување на внатрешните процедури и стандарди на финансиско работење преку изработка на Правилници за финансиско работење, за благајничко работење и за набавки, како и зајакнување на отчетноста и транспарентноста на работата на С-Фронт преку изработка и дисеминација на годишен наративен и финансиски извештај, како и организирање на годишна конференција за презентација на работата на С-Фронт.

**Р.2. Унапредени работни односи во организацијата**

Ова подразбира изработка на Правилник за работа и работни односи во организацијата, Правилник за чување и циркулација на документација, Правилник за управување со постојаните средства во организацијата, како и Ревизија на органограмот на организацијата и изработка и дисеминација на 3-месечен Билтен на организацијата.

**Р.3. Унапредени стратегиски документи на организацијата**

Под овој резултат се подразбира изработка на Деловник за работа на Управниот одбор на организацијата, ревизија на Визијата, Мисијата, Стратешките цели и Вредностите на организацијата, изработка на Стратешки план за 2019-2022, организација на годишно Собрание на организацијата, како и организиција на 4 работни состаноци на Управниот одбор за годишно и квартално планирање и мониторинг.
Овој проект е поддржан од Македонскиот центар за меѓународна соработка преку нивната програма „Одржливо граѓанско општество: државно финансирање на граѓанските организации" поддржана од Европската унија.
Времетраење: јули 2018- јуни 2019

***Во склоп на овој проект се имплементираа неколку активности:***

- Изработка на 8 нови правилници и документи за внатрешна употреба на организацијата (Правилник за финансиско работење, Правилник за благајничко работење, Правилник за набавки, Правилник за работа и работни односи во организацијата, Правилник за чување и циркулација на документација, Правилник за управување со постојаните средства во организацијата, Деловник за работа на Управниот одбор на организацијата, Ревизија на органограмот на организацијата).
- Организирање на два состаноци на Управниот Одбор.
- Организирање на работилница за стратешко планирање со изработка на Стратешки план 2019-2022. На оваа дводневна работилница присутни беа членовите на Управниот Одбор, вработените во организацијата како и неколку волонтери. Се дефинираа стратешките цели за следните 3 години со цел да се насочи работата на организацијата.
- Организација на годишна конференција на С-фронт за презентација на работата на организацијата. Годинашната конференција беше насловена "Развивање нови практики на социјална заштита на ЛГБТИ луѓе", а се одржа во салата на Совет на Град Скопје на 14 декември 2018. На конференцијата беа присутни членови на ЛГБТИ заедницата, социјални работници и психолози, вработени во државните институции и претставници од Министерството за труд и социјална политика.



## Кон отворен пристап за ЛБТ жени во спортските игри (06.2018 – 05.2019)

supported by
PLANETROMEO FOUNDATION

Во Македонија, ЛБТ жените обично треба да ја кријат својата сексуална ориентација или родов идентитет доколку сакаат да учествуваат во спортските клубови. Како резултат на ова вклученоста во ЛБТ заедницата е многу мала и ЛБТ жените немаат простор и место каде што ќе можат да ги споделат своите проблеми и потреби и да добијат поддршка една од друга.
Субверзивен фронт работи на овој проблем со воведување на ЛБТ кошаркарска група во склоп на својата организација и спроведување на следните активности:

- Летен камп во август за 15 ЛБТ жени кои го сакаат спортот, посебно кошарката;
- Неделни тренинзи отворени за сите ЛБТ жени;
- Натпревари со други ЛБТ тимови од Балканот (еден натпревар во Белград и еден натпревар во Подгорица);
- Онлајн кампања за да се зголеми видливоста за проблемите кои ЛБТ жените ги сретнуваат додека се занимаваат со професионален спорт.

Овој проект е поддржан од ПланетРомео фондацијата.
Времетраење: 01.06.2018 до 31.05.2019.

***Во склоп на овој проект се имплементираа неколку активности:***



- Организација на летен кошаркарски камп за ЛБТ жени во Охрид. Кампот се одржа во август и на него учествуваа 15 девојки на возрасти од 20 до 37 години. Во склоп на кампот се одржа и работилница на тема “ЛБТ жени спортистки во Македонија и светот” како и два натпревари во кошарка помеѓу учесничките. Сите учесници беа навистина среќни да присуствуваат на овој летен камп и изразија дека е забавно и едукативно искуство за нив. Сите тие сега се заинтересирани да присуствуваат на нашите следни активности и кошаркарски натпревари.
- Следната активност што се одржа беше посета на ЛБТ екипа во Белград. Нашата кошаркарска екипа “Цакана” ја посети екипата на ФемСлем од Белград во октомври 2018. Посетата траеше 4 дена, а од нашиот тим учествуваа 10 девојки. Во склоп на овие 4 дена се одржа работилница на која нашите кошаркарки и тие на ФемСлем имаа можност да се запознаат и да ја презентираат ситуацијата во своите држави како и секојдневните проблеми со кои се соочуваат. Домаќините организираа кошаркарски натпревар на кој учествуваа околу 30 девојки, дел како играчи и дел како публика.



- Организиравме неколку натпревари со гости од странство кои ја посетуваат Македонија и скоро секоја недела се организираа тренинзи во кошарка за сите заинтересирани ЛБТ жени во Македонија.

## Политичко учество на ЛГБТИ во Западен Балкан (03.2017 – 03.2018)

VICTORY INSTITUTE

Целокупната цел на овој истражувачкиот труд е да ги претстави можностите за зголемување на политичкото учество на ЛГБТИ заедниците во земјите од Западен Балкан и како тоа влијае врз воспоставувањето на социјална еднаквост.
Поголемиот дел од истражувањето претежно се потпира на квалитативни истражувачки методи, преку спроведување на полуструктурирани интервјуа со соговорници - претставници од политички партии, ЛГБТИ активисти и претставници од граѓанскиот сектор, претставници на повеќе институции како и експерти од Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово, Македонија, Црна Гора, Словенија и Хрватска.
Дополнителни клучни делови кои се очекува да бидат вклучени во истражувачкиот труд вклучуваат преглед на законодавството во однос на ЛГБТИ правата во поединечните држави, како и анализа на политичкото учество на ЛГБТИ заедниците во регионот во однос на поврзаноста помеѓу партиската политика и граѓанските организации.
Конечно, по темелната анализа на достапните материјали за политичкото учество на ЛГБТИ во Западен Балкан, а со цел да се адресираат недостатоците забележани на оваа тема, ќе бидат презентирани серија препораки за креаторите на политиките, невладиниот сектор и другите релевантни засегнати страни во национален и регионален контекст, заради воспоставување значајна и одржлива култура на почитување на основните човекови права.
Овој истражувачки проект го спроведе Субверзивен фронт од Македонија, во партнерство со Институтот Виктори од Соединетите Американски Држави и Лабрис од Србија.
Времетраење: март 2017 - март 2018

***Во склоп на овој проект се имплементираа неколку активности:***

- Анализата за политичко учество на ЛГБТИ во Западен Балкан беше изработена и објавена за јавноста. Анализата беше презентирана на неколку конференции меѓу кои се и Годишната конференција на ИЛГА Европа во Брисел и Годишната конференција на ЕРА во Скопје.

## Градење толеранција и разбирање за ЛГБТИ луѓето во македонското општество

Главната идеја на проектот е да се заштитат правата на ЛГБТИ луѓето преку системот за социјална заштита и да се зајакнат капацитетите на стручњаците кои работат во овие институции. Едукативните активности кои се наменети за градење на капацитетите на вработените во центрите за социјална работа имаат за цел да создадат посензибилизиран пристап во обезбедувањето на социјалните услуги за моменталните и потенцијалните ЛГБТИ луѓе-баратели на социјална помош, додека интерактивниот метод кој ќе биде воведен соодветствува со добивање знаења, вештини, способности и компетенции за нудење на адекватна помош и помош насочена кон корисникот.

Општите цели на проектот се:

- Да се изградат капацитетите на системот на социјална работа во насока на имплементација на систематски пристап за помош и поддршка за ЛГБТИ луѓето во областа на социјалната заштита во Македонија, преку обуки за сензибилизација за ЛГБТИ теми.
- Да се зајакне соработката меѓу Субверзивен фронт и релевантните државни институции преку состаноци, меѓусебна помош во креирање и нудење на социјалните услуги за ЛГБТИ луѓето, како и преземање мерки за подобрување на квалитетот на живот на ЛГБТИ луѓето.
- Идентификување на празнините во правниот систем преку анализа на Законот за социјална заштита со цел да се изготват амандмани за креирање на поинклузивна легислатива и преземање соодветни мерки за заштита на правата на ЛГБТИ луѓето.

Организација - координатор на проектот: Субверзивен фронт

***Во склоп на овој проект се имплементираа неколку активности:***




- Субверзивен фронт во соработка со Здружението за социјални работници на Македонија во мај 2018 година организираше обуки наменети за социјалните работници/чки кои работат во центрите за социјална работа и/или во граѓанските организации за градење на вештини и знаења за нудење социјални услуги на ЛГБТ луѓе - баратели и корисници на социјална помош и нивните семејства во системот на социјална заштита. Концептот на обуките беше интерактивен и истиот е креиран според Моделот за унапредување на мултикултурна компетентност (знаења, вештини, ставови), при што обуката се состоеше од работилници, вежби и дискусии со активно учество на сите учесници. Обуката ја држеше експертката од Србија, Јелена Жулевиќ.
- Учесниците на првата обука потоа беа обучувачи во следните 4 обуки. Две од нив се одржаа во Скопје (една за студенти по социјална работа и една за вработени во социјалните центри), една во Битола (присутни беа вработени од центрите за социјална работа од пелагонискиот регион) и една во Куманово (присутни беа вработени од центрите за социјална работа од североисточниот регион). Во склоп на 5-те обуки присусуствуваа околу 90 учесници (лица вработени во социјалните центри и студенти по социјална работа),

- Учесниците кои присуствуваа на обуката за обучувачи исто така изработија прирачник за работа со ЛГБТИ лица. Прирачникот може да го најдете онлајн на нашата веб страница.
- Се организираше годишна конференција на С-Фронт за презентација на работата на организацијата. Годинашната конференција беше насловена “Развивање нови практики на социјална заштита на ЛГБТИ луѓе”, а се одржи во салата на Совет на Град Скопје на 14 декември 2018. На конференцијата беа присутни членови на ЛГБТИ заедницата, социјални работници и психолози, вработени во државните институции и претставници од Министерството за труд и социјална политика.



## Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе

Основната идеја на проектот е да подготви и имплементира висококвалитетен и долгорочен образовен курс преку 4 обуки со цел да го поддржи професионалниот и личниот развој на младинските практичари и активисти во областа на развојната младинска работа во заедницата за ЛГБТИ лица.
Овој проект се осврнува на јазот во ЛГБТИ движењето преку обезбедување на долгорочен курс за младинска работа во развојот на заедницата за ЛГБТИ младински и активисти за да можат да спроведат висококвалитетни развојни програми за младинска работа и да ги зајакнат локалните ЛГБТИ заедници во нивните земји, организирајќи групи со конструктивни активности и вклучување на поголем број членови на заедницата.
Целите на проектот се:

- Да се изградат капацитети на практиканти и активисти за младинска работа за планирање, спроведување и оценување на развојни програми за младинска работа со ЛГБТИ лица во нивните заедници;
- Поддршка на размена на примери за добри практики и искуство во работата на заедницата со младите луѓе од ЛГБТИ во Западен Балкан;
- Да се креира, промовира и достави брошура за практики и методологии во младинската работа на младите во развојот со ЛГБТИ младите во Западен Балкан до пошироката јавна младинска работа.

Организација која го координира проектот: ЛГБ Младинска група за поддршка "COME OUT" од Нови Сад, Србија
Партнер организации се: Субверзивен фронт - Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права - Македонија, Фондација ЦУРЕ - БиХ, ТОЦ - БиХ, Транспарент - Хрватска, Квир Монтенегро - Црна Гора, ЦСГД - Косово, Дејствие - Бугарија.
Времетраење: 01.10.2017 - 30.06.2019

## Цивика Мобилитас (04.2016 – 04.2018)

На 17 мај 2016, на здружението за критички пристап кон родот и сексуалноста СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ Скопје му беше доделен институционален грант од страна на програмата за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас.
Овој двогодишен институционален грант со износ во висина од 32,460 ЕУР има за цел да го поддржи процесот на институционален развој и организациско јакнење на С-Фронт преку спроведување низа активности:

- Стратешки развој на организацијата;
- Активности и настани кои ги адресираат политичките, културните, економските и општествените аспекти поврзани со статусот на ЛГБТИ;
- Активности на застапување со политичките партии, државните институции и медиумите;
- Активности на застапување со ЛГБТИ активист(к)ите од Македонија и регионот на Југоисточна Европа;
- Информирање и едуцирање за ЛГБТИ правата, проблемите и потребите;

Програмата за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Македонија, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (СИПУ). Проектот заврши во април 2018.

***Во склоп на овој проект се имплементираа неколку активности:***

- Одржување на Годишно собрание на Субверзивен фронт.
- Бесплатни сесии за психосоцијална поддршка и советување за ЛГБТИ лица. Бројот на лица кои побараа бесплатни сесии се зголеми драстично во однос на претходните години. Со помош на Комората за психолози успеавме да одговориме на побарувањата и заедно со нив да подготвиме идни активности поврзани со овие побарувања.
- Со помош на финансиите од овој проект помогнати беа повеќе активности во врска со институционалното зајакнување на организацијата како: организирање младински клуб, изработка на внатрешни документи, издавање на 3-месечен билтен, извршување на годишна ревизија за организацијата.

## Аутирај се (08.2018 – 12.2018)

Оваа платформа е резултат на соработката на autuj.se и Субверзивен фронт. На почетокот сакавме да создадеме online простор каде ќе можеме на сигурен начин и со зачувување на приватноста и доверливоста, слободно да ги напишеме и искажеме сопствените лични приказни. Сакавме да зборуваме за тоа како сме ја соопштиле нашата сексуална ориентација или родов идентитет на луѓето околу нас - пријателите, сестрата, братот, родителите, колегите. Сакавме да ја споделиме тагата и разочарувањето кои вообичаено следат откако ова ќе им го соопштиме. На некој начин сакавме преку пишувањето на текстови на интернет, да ги ослободиме тие емоции кои кај нас се беа замрзнале и беа станале дел од нашето животно искуство и од нашата личност.
Увидовме дека на слични потешкотии наидуваме и во Србија и во Македонија и дека она што многу го цениме е поддршката, разбирањето и утехата кои ги добивавме од луѓето - независно дали тие се наши долгогодишни другари и другарки, или пак непознати лица на интернет кои оставија позитивен коментар или ја споделија нашата приказна.
Истовремено, увидовме дека слободното искажување и соопштување на сопствената сексуална ориентација и родов идентитет во опкружување каде што хомофобијата и трансфобијата се дел од општествениот дискурс, е политички акт и дека аутирањето, впрочем е можеби најдоброто нешто што може да ни се случи во тоа ослободување и еманципација на самите себе.
Затоа, овие придобивки од т.н. катарзи на микро ниво сакаме да ги споделиме со сите кои се наоѓаат во сличен процес и да помогнеме почесто и погласно да зборуваме за нашите потешкотии, потреби, мечти и фрустрации.

***Во склоп на овој проект се имплементираа неколку активности:***

- Изработка на две веб страници www.autuj.se и www.autiraj.se. На двете веб страници беа објавени повеќе од 20 приказни од ЛГБТИ заедниците во Србија и Македонија.
- Изработка на промо материјали (беџови, стикери, флаери).
- Одржување на две работилници на тема “Сакам да ти кажам: ЛГБТ и стрејт сојузниците против предрасудите”, една во Белград за време на Белград прајд и една во Скопје за време на Годишната конференција на ЕРА.



# ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

## Работилници за ментално здравје по повод IDAHOBIT Day




По повод IDAHOBIT (Меѓународниот ден за борба против хомофобија, бифобија и трансфобија) во нашата канцеларија во текот на цел месец мај се одржаа четири работилници на тема ментално здравје и личен развој. На работилниците учествуваа повеќе од 60 учесници, а обучувачи беа психолози со кои што соработуваме константно.

## Јавна дискусија “Како до интегриран пристап до услуги на здравствена и социјална заштита за ЛГБТИ луѓе“




Јавната дискусија одржана во четврток, 17-ти мај 2018, од 10:30 до 14:00 ч. во ЕУ Инфо центар ги собра на едно место дел од клучните чинители за обезбедување на услуги на здравствена и социјална заштита за ЛГБТИ луѓето, како што се претставници од надлежните министерства, Комората на психолози на РМ, Здружението за социјални работници на РМ, претставници од медиумите, како и претставници од граѓанскиот сектор кои ги застапуваат правата на ЛГБТИ луѓето.

На јавната дискусија беа претставени дел од клучните предизвици со кои ЛГБТИ луѓето се соочуваат при пристапот кон услугите на здравствена и социјална заштита, идентификувани низ работата на ЛГБТИ организациите кои го фасилитираат пристапот кон овие услуги. Истовремено, се направи обид да се одговори на ваквите предизвици преку предлагање на решенија кои ќе послужат при дефинирање на конкретни насоки и утврдување на приоритети за креирање и усовршување на интегриран пристап кон ваквите услуги. Пристапот при утврдување на приоритетите кој го застапуваме е интерсекциски, т.е. посветува посебно внимание на различните меѓузависни чинители кои придонесуваат кон ограничувањето на пристапот кон овие услуги од страна на ЛГБТИ луѓето, без разлика на нивната возраст, попреченост, етничка припадност, општествен и класен статус, и т.н.
Конечно, на дискусијата, традиционално го одбележуваме 17-ти Мај - Меѓународниот ден за борба против хомофобијата, бифобијата и трансфобијата, со доделување на наградата „Поддржувач на годината“ со која оддаваме посебно признание на индивидуи, организации и институции за нивниот значителен придонес во кампањата за еднакви права за ЛГБТИ луѓето во РМ во изминатата година.

Оваа година наградата беше доделена на Министерството за труд и социјална политика кое беше еден од најголемите поддржувачи за борбата за остварување на човековите права на ЛГБТИ лицата, а наградата лично ја прими министерката Мила Царовска.

## Денови на психологија



По повод Денови на психологија во соработка со Коморана на психолози Субверзивен фронт организираше 4 работилници натеми поврзани со ЛГБТИ проблематиката.

Присутни беа вкупно 52 учесници на следните работилници:

- „Животни позиции“ - 19 ноември 2018, Елисавета Секуловска,
- „Себе-прифаќање“ - 20 ноември 2018, Благородна Димова, Анѓела Филиповска, Константина Вршкова,
- „Прифаќање на сопствената сексуалност“ - 21 ноември 2018, Мирјана Јовановска Стојановска, Константина Вршкова,
- „Chill-out: стилови на комуникација“ - 27 ноември 2018, Вида Гаврилоска, Елена Николовска.

По одржувањето на сите овие заеднички активности со Комората на психолози, С-фронт и Комората на психолози се договорија заеднички ра работат на следните проблематики:

- Испитување дали постои забрана за спроведување на конверзивна терапија од страна на психолозите/психотерапевтите, и ако нема, да се побара нејзино усвојување од страна на Комората на психолози на РМ и останатите надлежни органи,
- Изработка на регистар на психолози кои сакаат да работат со ЛГБТИ луѓе, и согласно тоа, да се промовира потребата од услуги за ментално здравје на ЛГБТИ луѓето и кон ним, а и самите услуги да се промовираат кон ЛГБТИ луѓето и пошироката јавност,
- Изработка на план на активности на Координативното тело за зајакнување и здружување на напорите на давателите на услуги на психолошка поддршка на малцински групи и за зголемување на свесноста во општеството од потребата за услуги за ментално здравје,
- Заедничко учество на Субверзивен фронт, Комората на психолози на РМ и останатите здруженија кои нудат услуги на ментално здравје на повици за доделување грантови
- Формализирање на работата на Координативното тело – цели, мисија, структура, годишна програма, опис на работни задачи.

# РАЗВОЈ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ

***јануари 2018:***

- “Бајките се за секого” - Феминистички пристап кон бајките, обука во Сараево;
- Состаноци со Здружението за социјални работници и Здружението на студенти по социјална работа со цел заедничка соработка во текот на целата година;

***февруари 2018:***

- Еразмус+ обука во Софија - Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе;
- Потпишан меморандум за соработка со Комора на психолози;

***март 2018:***

- Учество на Queer Easter во Берлин - 26.03. до 02.04.2018;
- Состанок во Лондон со фондацијата Stonewall за договарање на следни заеднички активности;

***април 2018:***

- Учество на наш претставник во NO HATE кампањата во Стразбур;
- Учество и одржан говор на наш претставник на Форумот на граѓанското општество „ЛГБТИ во политичката агенда во Албанија“, во организација на Open Mind Spectrum Albania;

***мај 2018:***

- 5 работилници за подигање на свесноста за важноста на менталното здравје кај ЛГБТИ лицата по повод 17 Мај;

***јуни 2018:***

- Учество на Vienna Pride и на конференцијата East meets West - 14-17 јуни;
- Учество на Sofia Pride од 8-10 јуни и помош во организација на Регионалниот дијалог за ЛГБТИ права во рамките на Balkan Pride;
- Еразмус+ обука во Скопје - Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе од 30.06 до 07.07.2018;
- Учество на Thessaloniki Pride од 22-24 јуни;
- Учество на Oslo Pride 21-26 јуни;

***јули 2018:***

- Работилница за справување со стрес, одржана од наша практикантка од Универзитетот од Мичиген;
- Учество на наш претставник на Western Balkans Summit во Лондон во рамките на Берлинскиот процес за ЕУ интеграција на земјите од Западен Балкан

***август 2018:***

- Учество на Queer Olympix (спортски турнир) во Истанбул од 10-13 август;

***септември 2018:***

- Учество на Belgrade Pride 15-16.09.2018;
- Еразмус+ обука “Академија за младински ЛГБТ лидери” во Шабац 01-08.09.2018
- Еразмус+ обука во Нови Сад - Градење на капацитети на младински работници во областа на младинска работа со ЛГБТИ луѓе од 16.09 до 22.09.2018;

***октомври 2018:***

- Годишна конференција на ЕРА - LGBTI Equal Rights Association во Скопје 03-06.10;

- Учество на Pristina Pride 10.10.2018;
- Организација на спортски натпревар во кошарка за ЛБТ жени со гости од ФемСлем од Белград, Србија;

*ноември 2018:*

- Еразмус+ проект “Излегување од невработеност” во Загреб 16-19.11.2018;
- Учество на Montenegro Pride 16-20 ноември.

*декември 2018:*

- Учество на школа за феминизам и марксизам во Берлин 28.12.2018 – 04.01.2019

# С-ФРОНТ ВО МЕДИУМСКИОТ ПРОСТОР

И оваа година Субверзивен фронт беше присутен во медиумските простори. Статии за конференцијата по повод 17-ти Мај “Како до интегриран пристап за услуги на здравствена и социјална заштита за ЛГБТИ луѓе” и Годишната конференција на организацијата “Развивање нови практики на социјална заштита на ЛГБТИ луѓе” беа објавени во повеќето национални медиуми.

Како и претходните години така и оваа година бевме активни на нашата веб страница и на другите социјални мрежи. Подолу може да ја видите статистиката за 2018 година:

***Facebook:***

- На фејсбук страницата имаме 4017 следбеници и повеќе од 200 објави во 2018 година.

***Instagram:***

- На инстаграм профилот имаме 761 следбеник и повеќе од 100 објави во 2018 година.

***Twitter:***

- На твитер профилот имаме 271 следбеник и повеќе од 1000 објави во последните неколку години.

***YouTube:***

- На профилот на јутјуб имаме повеќе од 10 видеа поврзани со нашата работа во последните неколку години.

***Flickr:***

- На профилот на фликер се поставени слики од сите наши активности и настани. Таму можат да се најдат повеќе од 20тина албуми со повеќе од 800 слики.

# ПУБЛИКАЦИИ

## Прирачник за социјална работа со ЛГБТИ луѓе во Република Македонија




Овој прирачник дава детален преглед кон потребите и проблемите со коишто се соочуваат ЛГБТИ луѓето во Република Македонија во нивното секојдневие, поточно кога тие или нивните блиски имаат потреба од социјален/социјална работник/работничка.
Сексуалните и родовите малцинства сѐ уште не се еднакви пред законот, а образованието и државните институции надлежни да обезбедат едукативни материјали и содржини кои не се навредливи и се инклузивни за сексуалните и родовите малцинства се реткост во нашето образование. ЛГБТИ луѓето како такви се невидливи во учебниците на нашето образование. Поради тоа, идентификувана е потребата социјалните работници/чки да добијат можност да научат што е можно повеќе за ЛГБТИ заедницата и како можат да ѝ пристапат, но исто така како да ги заштитат своите клиенти при нивната работа.
Една од главните цели на овој проект е можноста за проширување на знаењата на социјалните работници/чки за тоа како да бидат пристапни, коректни и достапни за ЛГБТИ заедницата кога е во прашање нивната потреба од социјална помош. Поради тоа, проектот, покрај овој прирачник, како задача има првин да ги обучи социјалните работници преку неформални методи и средина во која имаат можност да разговараат со ЛГБТИ лица, да ги поставаат своите прашања и да ги осознаат различностите кои постојат.

## Политичкото учество на ЛГБТИ луѓето во Западен Балкан




Извештајот од регионалото истражување за „Политичкото учество на ЛГБТИ во Западен Балкан" спроведено од Субверзивен фронт во партнерство со Лабрис (Србија) и ЛГБТК Виктори институтот (САД), ги истакнува можностите за зголемување на политичкото учество на ЛГБТИ луѓето во осум земји од Западниот Балкан. Истражувањето може да послужи за да се разбере кои се можностите за зголемување на политичкото учество на ЛГБТИ луѓето во Западниот Балкан и неговото влијание врз еднаквоста за ЛГБТИ луѓето. Се очекува овој извештај да го користат ЛГБТИ организациите во регионот за да се разберат можностите да се искористи политичкото учество како алатка за застапување и постигнување на еднаквост.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА**

**БИЛАНС НА УСПЕХ (НА 31.12.2018)**

| | | |
|---|---|---|
| | **ПРИХОДИ** | |
| 1 | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 346.00 ден. |
| 2 | Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 2,276,245.00 ден. |
| 4 | Пренесен дел од вишокот на приходи од претходна година | 703,289.00 ден. |
| | **Вкупни приходи:** | **2,979,880.00 ден.** |
| | **РАСХОДИ** | |
| 1 | Потрошени материјали | 71,303.00 ден. |
| 2 | Потрошена енергија | 71,145.00 ден. |
| 3 | Други услуги | 134,107.00 ден. |
| 4 | Превозни и транспортни услуги | 49,918.00 ден. |
| 5 | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 3,319.00 ден. |
| 6 | Наемнини | 181,412.00 ден. |
| 7 | Други материјални расходи | 374,324.00 ден. |
| | *Вкупни материјални расходи, услуги и амортизација* | **885,528.00 ден.** |
| 8 | Провизија за платниот промет | 38,284.00 ден. |
| 9 | Други расходи | 608,720.00 ден. |
| | *Вкупни други расходи* | **647,004.00 ден.** |
| 10 | Средства за опрема | 23,405.00 ден. |
| | *Вкупни капитални и други средства* | **23,405.00 ден.** |
| 11 | Вкалкулирани плати | 1,042,908.00 ден. |
| | *Вкупни плати и надомест за плати* | **1,042,908.00 ден.** |
| | **Вкупни расходи:** | **2,598,845.00 ден.** |
| | **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ)** | **381,035.00 ден.** |

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2018 ГОДИНА

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА (НА 31.12.2018)

| | | |
|---|---|---|
| | **АКТИВА** | |
| 1 | Опрема | 285,410.00 ден. |
| 2 | Други материјални стредства | 47,808.00 ден. |
| | *Актива постојани средства* | 333,218.00 ден. |
| 3 | Жиро сметка | 384,943.00 ден. |
| 4 | Побарување за повеќе платени даноци и придонеси | 11,556.00 ден. |
| | *Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки* | **396,499.00 ден.** |
| | **Вкупно актива** | **729,717.00 ден.** |
| | **ПАСИВА** | |
| 1 | Деловен фонд | 333,218.00 ден. |
| | *Пасива - извори на деловни средства* | 333,218.00 ден. |
| 2 | Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 381,035.00 ден. |
| 3 | Други пасивни временски разграничувања | 15,464.00 ден. |
| | *Вкупни пасивни временски разграничувања* | **396,499.00 ден.** |
| | **Вкупно пасива** | **729,717.00 ден.** |

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ


| | |
|---|---|
| Ангелина Иванова<br>Извршна директорка / Менаџерка за финансии<br>aivanova@s-front.org.mk<br>+389 75 838 040 | Антонио Михајлов<br>Претседател на Управен одбор<br>amihajlov@s-front.org.mk<br>+389 72 75 99 95 |
| Стефан Петровски<br>Програмски координатор / Комуникации<br>spetrovski@s-front.org.mk<br>+389 70 32 57 22 | Давид Тасевски<br>Проектен асистент / Психолог<br>dtasevski@s-front.org.mk<br>+38978 310 947 |


## Мапа





СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ
БУЛ. К. Ј. ПИТУ 19/5-28, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тел/факс: +389 2 609 0779
моб: +389 77 733 688
е-пошта: contact@s-front.org.mk
веб: www.s-front.org.mk